# ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ПРИМЕНАТА НА
# ЗАКОНОТ ЗА БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ

**Во периодот**
**од октомври 2019**
**до декември 2020 година**

ПРАВДАТА НЕ Е ПРИВИЛЕГИЈА

# ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ПРИМЕНАТА НА
# ЗАКОНОТ ЗА БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ

**Во периодот**
**од октомври 2019**
**до декември 2020 година**

Проектот е финансиран од Европската Унија.

ЕУ со ТЕБЕ

FOUNDATION OPEN SOCIETY MACEDONIA
ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

ХОПС
ОПЦИИ ЗА ЗДРАВ ЖИВОТ СКОПЈЕ

СТАНИЦА П.Е.Т.

Издава:
Фондација Отворено општество - Македонија (ФООМ)

За издавачот:
Фани Каранфилова – Пановска, Извршна директорка на ФООМ

Авторка:
Катерина Шојиќ

Лектура:
Абакус

Ликовно-графичко обликување:
Кома ДООЕЛ

Печат:
Дата Понс

Тираж:
1000

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека «Св. Климент Охридски», Скопје

347.921.8:340.13»2019/2020(497.7(047.31)

ШОЈИЌ, Катерина
Извештај за примената на Законот за бесплатна правна помош : во периодот од октомври 2019 до декември 2020 година / [авторка Катерина Шојиќ]. - Скопје : Фондација Отворено општество - Македонија = Foundation Open Society - Macedonia, 2021. - 85, 79 стр. : граф. прикази ; 21 см

Насл. стр. на припечатениот текст: Report on implementation of the law on free legal aid : in the period from October 2019 to December 2020 / [author Katerina Shojikj]. - Обата текста меѓусебно печатени во спротивни насоки. - Текст на мак. и англ. јазик. - Фусноти кон текстот. - Библиографија: стр. 84-85 ; Bibliography: стр. 78-79

ISBN 978-608-218-365-7

а) Бесплатна правна помош -- Законско регулирање -- Македонија -- 2019-2020 -- Извештаи

COBISS.MK-ID 55009541

Оваа публикација е изготвена со финансиска помош на Европската Унија. Содржината на публикацијата е единствена одговорност на Фондација Отворено општество - Македонија и на ниту еден начин не ги одразува гледиштата на Европската Унија.

## Благодарност

Извештајот е резултат на посветеноста на граѓанското општество кон зајакнување на пристапот до правда и бесплатната правна помош. Авторката на извештајот изразува голема благодарност до проектниот тим, овластените граѓански здруженија и граѓаните кои учествуваа во истражувањето, адвокатите запишани во Регистарот за давање бесплатна правна помош, основните судови, Управниот суд, како и подрачните одделенија на Министерството за правда и самото Министерство за правда, кои доставија податоци и информации.

# СОДРЖИНА

Благодарност ........................................ 3

**РЕЗИМЕ ........................................ 8**

**1. ВОВЕД ........................................ 12**

За проектот ........................................ 13

Методологија за прибирање податоци ........................................ 14

**2. ЗАКОНСКАТА РАМКА ЗА БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ ВО РСМ ........................................ 16**

Видови бесплатна правна помош и даватели на бесплатна правна помош ........................................ 18

Услови за одобрување секундарна правна помош ........................................ 23

Постапка по барање за секундарна правна помош ........................................ 25

Правни прашања за кои не е дозволена секундарна правна помош ........................................ 25

Запишување и бришење на здруженијата кои се даватели на примарна правна помош во регистарот при Министерството за правда ........................................ 27

Финансирање на овластените здруженија и правни клиники ........................................ 28

Надоместок на овластените даватели на примарна правна помош ........................................ 29

Транспарентност и отчетност во давањето бесплатна правна помош.......... 29

Надзор и увид во давањето бесплатна правна помош .......... 31

3. **ПРИМЕНА НА ЗАКОНОТ ЗА БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ ВО ПЕРИОД ОКТОМВРИ 2019 - ДЕКЕМВРИ 2020 .......... 32**

Податоци за давателите на бесплатна правна помош.......... 33

Податоци за остварената бесплатна правна помош .......... 36

Имплементација на ЗБПП од аспект на лицата кои користеле бесплатна правна помош.......... 50

Други наоди од истражувањето.......... 56

**4. СТУДИЈА НА СЛУЧАЈ .......... 66**

Студија на случај: Х.Х и обезбедување секундарна правна помош во постапка за оспорување/утврдување татковство .......... 67

Студија на случај: Х.Х и обезбедување секундарна правна помош за жртвите на семејно насилство.......... 71

**5. ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ.......... 78**

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА.......... 84

# Користени скратеници

| | |
|---|---|
| **АКРСМ** | Адвокатска комора на РСМ |
| **БПП** | Бесплатна правна помош |
| **ГО** | Граѓански организации |
| **ЕХО** | Едукативно-хуманитарна организација |
| **ЗБПП** | Закон за бесплатна правна помош |
| **КЗД** | Комисија за заштита од дискриминација |
| **МАНУ** | Македонска академија на науките и уметностите |
| **МЗМП** | Македонско здружение на млади правници |
| **МКЦ** | Младински културен центар |
| **МП** | Министерство за правда |
| **НКТ** | Национално координативно тело |
| **НП** | Народен правобранител |
| **НРЦ** | Национален ромски центар |
| **ПО** | Подрачно одделение |
| **ППП** | Примарна правна помош |
| **РБН** | Родово базирано насилство |
| **РСМ** | Република Северна Македонија |
| **СПП** | Секундарна правна помош |
| **ФООМ** | Фондација Отворено општество - Македонија |
| **ХОПС** | Опции за здрав живот Скопје |
| **ЦСР** | Центар за социјални работи |

# РЕЗИМЕ

Правото на пристап до правда е едно од основните човекови права кое има суштинско влијание врз пристапот до загарантираните фундаментални права. Правото на бесплатна правна помош обезбедува рамка и стандарди за достапност на пристапот до правда за сите, а особено за најмаргинализираните групи граѓани, за кои од најразлични причини правдата е потешко достапна. Зајакнувањето и обезбедувањето на пристапот до правда за сите групи лица значи дека со реална, квалитетна и отчетна правна рамка и со добри и одговорни практики за пристап до бесплатната правна помош општеството ги зајакнува поединците придонесувајќи кон поголема заштита на човековите права и зголемена правна сигурност.

Унапредувањето на пристапот до правда е во директна врска со целта 16 од Развојните цели „Мир, правда и силни институции", придонесувајќи кон одржлив развој базиран на владеење на правото. Пристапот до правда во Република Северна Македонија е законски уреден од 2009 година, но имајќи ги предвид низата слабости детектирани во законското решение, а по консултации со граѓанските организации, овластените здруженија и стручната јавност се премина кон усвојување ново законско решение во мај 2019 година. Новиот Закон за бесплатна правна помош почна да се применува од месец октомври 2019 година.

Следењето на имплементацијата на законското решение за пристап до бесплатна правна помош е согледано од повеќе аспекти, со вклучување на давателите на бесплатна правна по-

мош, институциите вклучени во спроведувањето и корисниците на истата, сѐ со цел да добиеме сеопфатен преглед. Новиот Закон за бесплатна правна помош предизвика промени во повеќе делови од системот на функционирање, од правните прашања за кои може да се одобри; до зголемување на опсегот на примарната правна помош; создавањето поприфатливи услови за оценување на имотна состојба на барателите на секундарна правна помош, децентрализација во процесот на одлучување по барањето секундарна правна помош; ослободување од судски, административни и трошоци за вештачење, и финансиска поддршка за овластените здруженија и правни клиники.

Во 2020 година се соочивме со предизвикот на пандемија со КОВИД 19, со прогласување вонредна и кризна состојба во државата, ограничување на движење и преземање на други мерки за спречување на епидемијата. Започнувајќи од месец март 2020 година сите сме засегнати од пандемијата и од новите предизвици. Со прилагодување кон околностите и со заеднички напори на Министерството за правда, подрачните одделенија на Министерството за правда, Фондацијата Отворено општество - Македонија и овластените здруженија и правни клиники, пристапот до бесплатна правна помош се обезбедуваше во сложен контекст во државата и во услови на пандемија, имајќи ја предвид заштитата на здравјето на граѓаните и усвоените препораки и мерки за справување со кризата.

# 1

# ВОВЕД

## За проектот

Проектот „Пристап до правда за најмаргинализираните", финансиран од Европската Унија, се спроведува во периодот јануари 2020 - октомври 2021 година од страна на Фондацијата Отворено општество - Македонија, ХОПС – Опции за здрав живот Скопје и Здружението за правна едукација и транспарентност СТАНИЦА П.Е.Т. Прилеп.

Целта на проектот е овозможување заштита на човековите права преку правно зајакнување за унапредување на пристапот до правда на најмаргинализираните групи граѓани, со фокус на Ромите, луѓето кои користат дроги, сексуалните работници, децата и семејствата во социјален ризик и другите ранливи заедници.

Специфични цели на проектот се: да се подобри пристапот до правда и правно зајакнување на маргинализираните групи, преку континуирано обезбедување квалитетни правни и параправни сервиси; зајакнување на капацитетите на граѓанските организации и релевантните институции на локално и на централно ниво за обезбедување заштита на човековите права; унапредување на политиките и практиките засновани на докази кои содржат пристапи засновани на човекови права и се во согласност со потребите на маргинализираните заедници.

## Методологија за прибирање податоци

Истражувањето по својот карактер е квантитативно, квалитативно и дескриптивно, во согласност со предметот и целите што се дефинирани од самата цел на истражувањето – следење на имплементацијата на Законот за бесплатна правна помош. Теоретско-правната рамка на ова истражување е детерминирана со Законот за бесплатна правна помош и со подзаконските акти.

Обемот на следењето на имплементацијата на ЗБПП беше детерминиран од периодот на имплементација на самиот закон, која започна од месец октомври 2019 година.

За потребите на истражувањето и следењето на примената на ЗБПП се користеа повеќе извори на податоци добиени од релевантни субјекти вклучени во имплементација на законската регулатива за пристап до бесплатна правна помош, и тоа: Министерство за правда; подрачните одделенија на Министерството за правда; основните судови, Управниот суд на РСМ; овластените здруженија за давање бесплатна правна помош, адвокатите запишани во Регистарот за давање бесплатна правна помош.

Во рамките на истражувањето беа подготвени барања за собирање информации од јавен карактер од институциите и структуиран прашалник за собирање податоци од овластените здруженија за давање бесплатна правна помош, адвокати запишани во Регистарот за давање бесплатна правна помош и лицата корисници на правото на бесплатна правна помош.

Информации беа добиени од Министерството за правда на РСМ, од 18 подрачни одделенија на Министерство за правда, 15 основни судови, Управниот суд, 7 овластени здруженија за давање на бесплатна правна помош, 6 адвокати запишани во Регистарот за давање бесплатна правна помош и од 51 лице корисник на бесплатна правна помош.

Како извори на податоци за следење на имплементацијата на ЗБПП беа користени и годишните извештаи за примената на Законот за бесплатна правна помош на Министерството за правда. Со користење на компаративен метод за следење на спроведувањето на ЗБПП беа земени предвид извештаите на Министерството за правда од неколку години наназад, сè со цел да се согледа делотворноста и целисходноста на новините што ги воведе Законот.

Исто така, изработени се и две студии на случај кои како метод на истражување со квалитативен пристап вклучуваат и испитување на одреден специфичен случај на лице кое побарало и (не) добило право да користи бесплатна правна помош, за да се разгледа имплементацијата на ЗБПП од практичен аспект.

# 2

# ЗАКОНСКАТА РАМКА ЗА БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ ВО РСМ

Бесплатната правна помош е фундаментално човеково право поврзано со еднаквиот пристап до правда и создавањето институционални капацитети за ефикасна заштита на човековите права. Правото на бесплатна правна помош е обврска на државата да обезбеди еднаков пристап до правна помош за групите лица кои имаат потреба и проблем од правна природа, а не можат да си дозволат да платат за стручен правен совет или за застапување од страна на адвокат.

Бесплатната правна помош во РСМ е уредена со посебен закон од декември 2009 година, кој почна да се применува од јули 2010 година и се применуваше до октомври 2019 година, кога почна да се применува новото законско решение. При имплементацијата на ЗБПП од 2009 година, во практика се појавија низа проблеми кои го ограничуваа пристапот до правда и бесплатната правна помош за ранливите групи граѓани и лицата кои имаа најголема потреба од правна помош. Со тоа се доведе во прашање целисходноста на решенијата предвидени во самиот закон. Имено, од страна на граѓанскиот сектор беа посочувани низа недоследности во институционалната поставеност на системот за обезбедување бесплатна правна помош и централизираност на постапката за одобрување бесплатна правна помош; строгите критериуми што треба да ги исполнат барателите, како и потребата да се преоцени затворениот список правни прашања за кои може да се добие бесплатна правна помош, а кои во целост не се соодветни со потребите на граѓа-

ните.[1] Новиот Закон за бесплатна правна помош од 2019 година пропишува низа новини кои битно влијаат на унапредувањето на пристапот до правда и бесплатна правна помош за категориите лица кои имаат потреба од правна помош и правична судска заштита на нивните права.

Откако Законот беше донесен и стапи во сила, со учество и поддршка од Фондацијата Отворено општество - Македонија (ФООМ) и Македонското здружение на млади правници (МЗМП), беа донесени и усвоени 17 правилници, како подзаконски акти кои уредуваат одредени прашања за функционирање на бесплатната правна помош.

## Видови бесплатна правна помош и даватели на бесплатна правна помош

Бесплатната правна помош може да биде дадена како примарна правна помош и како секундарна правна помош.
Примарна правна помош се дава на секое заинтересирано лице. Право на примарна правна помош имаат сите физички лица кои имаат живеалиште или престојувалиште на територијата на РСМ.

**Примарната правна помош** опфаќа:

- иницијален правен совет за користење на БПП;
- општа правна информација;

1 Извештај за примената на Законот за бесплатна правна помош во 2016-2017 година, Христина Василевска и други, Фондација Отворено општество - Македонија, 2017 година.

- општ правен совет;
- помош при комплетирање на барањето за секундарна правна помош;
- помош при пополнувањето на обрасците, формуларите издадени од управен орган во управна постапка за социјална заштита и заштита на правата на децата, заштита на жртвите на родово базирано насилство и семејно насилство, постапката за упис во матична книга на родените, стекнувањето со документи за лична идентификација и државјанство;
- составување претставки до Комисијата за заштита од дискриминација и до Народниот правобранител и барања за заштита на слободите и правата до Уставниот суд на РСМ.

Со новиот Закон за бесплатна правна помош од 2019 година се прошири опсегот на примарната правна помош што можат да ја добијат сите лица со живеалиште или престојувалиште во РСМ.

При обезбедувањето на примарната правна помош, овластените здруженија добија поголеми овластувања за постапување и давање бесплатна правна помош и на истите им се даде можност да пополнуваат обрасци и формулари, како и да составуваат претставки до Комисијата за заштита од дискриминација, Народниот правобранител и барања за заштита на слободите и правата до Уставниот суд.

Примарна правна помош може да биде дадена од страна на овластено службено лице на Министерство за правда, овластени здруженија и правни клиники.

Со новините во ЗБПП значително се прошири кругот на даватели на примарна правна помош, со вклучување на правните клиники од правните факултети кои соработуваат со регистрираните адвокати и со АКРСМ.

Примарната правна помош што ја дава Министерството за правда опфаќа:

- иницијален правен совет за користење на БПП;
- општа правна информација;
- општ правен совет, и
- помош при комплетирање на барањето за секундарна правна помош.

Давателите на примарната правна помош имаат обврска да му помогнат на лицето кое има потреба од секундарна правна помош за да пополни изјава за неговата финансиска состојба и финансиската состојба на членовите на неговото семејство. Лицето кое поднесува барање за СПП треба да ги приложи документите што ги поседува и што може да ги обезбеди, а понатаму Министерството за правда по службена должност ги прибавува другите потребни документи кон барањето за СПП од надлежните институции. По прибирањето на целокупната документација, давателите на примарна правна помош се должни во рок од два дена по средбата да изготват кратко писмено мислење за предметот и да го комплетираат барањето за СПП. Овластените здруженија или правни клиники треба во рок од 4 дена од приемот на барањето да го достават до подрачното одделение на МП на подрачјето на кое барателот има живеалиште или престојувалиште.

**Секундарната правна помош** опфаќа:

- застапување во постапка пред суд;
- застапување во постапка пред државен орган;
- застапување во постапка пред Фондот за здравствено осигурување на РСМ;
- застапување во постапка пред Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на РСМ;
- застапување во постапки пред лица кои вршат јавни овластувања (нотар, извршител), под услови определени со Законот, и
- ослободување од трошоци.

Секундарна правна помош се одобрува на лице кое има потреба од стручна правна помош од адвокат за конкретна правна работа и кое не е во можност да ги плати трошоците на постапката.

Позитивна новина во ЗБПП е дека во постапката за секундарна правна помош МП соработува со правосудните органи, центрите за социјална работа, државните органи и другите надлежни институции кои се должни без никаков надоместок да ги достават потребните податоци за обезбедување на секундарната правна помош.

Во делот на секундарната правна помош што ја обезбедуваат адвокатите запишани во регистарот за бесплатна правна помош, со новините се предвидува и ослободување од административни такси, судски такси и процесни трошоци. СПП вклучува ослободување од судски или од административни такси и

ги покрива трошоците за вештачење потребни за одлучување за конкретната правна работа за која е одобрено барањето за секундарна правна помош.

Секундарна правна помош се одобрува за застапување во сите степени во:

- граѓанските судски постапки;
- управните постапки, и
- управните спорови.

Секундарна правна помош може да биде дадена од страна на адвокати запишани во регистарот на адвокати за давање бесплатна правна помош при Министерството за правда.

Барањето за секундарна правна помош се поднесува поединечно за секое правно прашање за чие решавање треба да се поведе постапка за заштита, имајќи предвид дека барањето за секундарна правна помош може да се поднесе во која било фаза од постапката за чие водење има потреба од таква помош.

Барателот има право да добие секундарна правна помош по одобрено поднесено барање за секундарна правна помош до подрачното одделение на Министерство за правда. Барањето за секундарна правна помош може да се пополни и да се достави лично или преку пошта, а доколку ги исполнува условите, може да се побара и да се добие помош во комплетирањето на барањето за секундарна правна помош од страна на овластено службено лице во подрачното одделение на Министерство за правда, овластеното здружение или правната клиника.

Право да поднесе барање за секундарна правна помош има:

- лице државјанин на РСМ со постојано живеалиште во РСМ;
- странски државјанин со дозвола за привремен или постојан престој;
- баратели на право на азил, и
- лице кое има право на правна помош од РСМ, согласно ратификуваните меѓународни договори.

## Услови за одобрување секундарна правна помош

Во делот на исполнувањето на имотните и материјалните услови од страна на барателот за БПП во постапката за добивање секундарна правна помош, со новиот ЗБПП значително се намали прагот на имотната состојба на барателот и на членовите на неговото семејство со кои живее во заедничко домаќинство.

Услови за приход и имот на барателот на СПП:

- Месечниот приход на барателот кој живее сам не го надминува износот на минималната нето-плата во РСМ или, доколку живее во заедничко домаќинство, износот не ја надминува минималната нето-плата во РСМ и месечниот приход на секој нареден член на семејството не го надминува износот од 20 % од минималната нето-плата во последните шест месеци пред поднесувањето на барањето;
- Недвижниот имот во сопственост на барателот и членовите на неговото семејство е само еден едностанбен објект или стан во кој живеат;

- Недвижниот имот е земјиште со вкупна површина од 300 $m^2$ во Скопје, 500 $m^2$ во другите општини или една или повеќе катастарски парцели со вкупна површина што не е поголема од 5 000 $m^2$ во рурални средини;
- Подвижен имот - едно регистрирано моторно возило со работна зафатнина на моторот што не е поголема од 1 200 $cm^3$.

Претходниот закон предвидуваше кумулативно исполнување на повеќе услови за да можат заинтересираните лица да добијат пристап до бесплатна правна помош, што значително го отежнуваше пристапот до БПП на маргинализираните групи граѓани, односно се случуваше условите за добивање секундарна правна помош да ги исполнуваат само примателите на социјална парична помош.

Новото законско решение овозможува секундарна правна помош да се одобри и без утврдување на финансиската состојба, доколку:

- барателот е сместен во згрижувачко семејство или во установа за социјална заштита;
- има потреба од покренување и застапување во постапка за изрекување привремени мерки за заштита од семејно насилство пред надлежен суд, и
- поради елементарна непогода, виша сила или други околности се најде во финансиска состојба што го спречува самостојно да обезбеди заштита на своите права.

Барателот на секундарна правна помош кој има потреба од заштита од семејно насилство треба да приложи потврда дека е евидентирана жртва на семејно насилство.

## Постапка по барање за секундарна правна помош

Законското решение предвидува прецизни рокови за постапување по барање за секундарна правна помош. Овластено службено лице на подрачно одделение на МП е должно во рок од 15 дена од денот на прием на барањето да изготви потврда со која се одобрува барањето или известување со кое се одбива барањето. Во рок од 15 дена барателот може да поднесе приговор до МП против известувањето со кое не му е одобрена секундарна правна помош. Министерството за правда е должно во рок од 10 дена да одлучи по приговорот и да донесе решение за одобрување или одбивање на барањето. Барателот на секундарна правна помош може да поведе управен спор против решението со кое се одбива.

Едно од новите решенија предвидени во ЗБПП е и итна постапка по барање за СПП ако постојат кратки законски рокови определени од страна на надлежните судови или државни органи.

Еднаш одобрена секундарна правна помош може да се прекине со донесување решение за прекин ако се исполнети условите предвидени во ЗБПП. Исто така, се предвидува и надомест на средства за неоправдано добиена секундарна помош.

## Правни прашања за кои не е дозволена секундарна правна помош

Во текстот на Законот не се предвидува за кои правни прашања е дозволена секундарна правна помош, туку таксативно се наброени правните области за кои не се одобрува:

- царински и даночни работи;
- барање за клевета и навреда;
- прекршоци;
- јавни и комунално услуги;
- имотно-правни прашања во управни постапки, и
- надомест на нематеријална штета, освен во случаи на жртви на кривични дела.

Постои голем степен на веројатност дека на граѓаните им е потребна секундарна правна помош во постапки за јавни и комунални услуги и во делот на имотно-правните прашања во управни постапки. Ова забелешка се однесува на најранливите групи граѓани кои со децении наназад ги немаат уредено имотно-правните односи на објектите во кои живеат и на земјиштето на кои ги имаат изградено објектите. Имено, голем дел од овие граѓани имаат постапки за утврдување на правниот статус на бесправно изградените објекти и потребна им е стручна правна помош за да ги завршат истите постапки, а честопати и вешт наод од геодет за утврдување на која катастарска парцела е објектот, бидејќи може да има промени од моментот кога бил поднесен геодетскиот елаборат. Што поскорото спроведување на национално истражување за правните потреби на граѓаните би ги разрешило ваквите дилеми во иднина.

## Запишување и бришење на здруженијата кои се даватели на примарна правна помош во Регистарот при Министерството за правда

За да се запише во Регистарот на здруженијата овластени за давање примарна правна помош здружението треба:

- да биде запишано најмалку 5 години пред поднесување на барањето за упис во Централниот регистар на РСМ;
- да има доставено годишни даночни пријави за 3 години пред поднесување на барањето за упис;
- да има вработено или ангажирано дипломиран правник со положен правосуден испит;
- во статутот на здружението да биде наведено давање ППП;
- да има склучено договор за осигурување на одговорност за можна штета при давање на ППП;
- да исполнува минимални просторни и технички услови кои гарантираат непречено обезбедување на примарна правна помош и
- да има реализирано најмалку 3 проекти за обезбедување правна помош или правно советување.

Законското решение што се применува пропишува дека здруженијата треба да имаат вработено или ангажирано дипломиран правник со положен правосуден испит. Претходното законско решение предвидуваше само вработување на правник со положен правосуден испит што влијаеше неповолно и обесхрабрувачки на заинтересираните здруженија за давање

бесплатна правна помош, со оглед на тоа дека треба да се обезбедат поголеми финансиски средства за вработување.

Од друга страна, пак, Правилникот за просторни и технички услови[2] предвидува службените простории да бидат пристапни за лицата со визуелна и физичка попреченост, што е секако многу важно бидејќи сите лица треба да имаат пристап до правда и бесплатна правна помош. Имајќи го предвид фактот дека овој услов е минималниот стандард што треба да го исполнат здруженијата на граѓани, се доведува во прашање еднаквиот третман на здруженијата со другите даватели на примарна правна помош, бидејќи не секаде и подрачните одделенија на Министерството за правда имаат пристап за лицата со попреченост. Можеби треба да се биде пофлексибилен во насока на овој минимален услов, со тоа што здруженијата ќе можат да изнајдат алтернативни начини и мобилни тимови за комуникација со лицата со попреченост, во случај да не се во можност да обезбедат физички пристап, сè со цел сите да добијат пристап до бесплатна правна помош.

## Финансирање на овластените здруженија и правни клиники

Со ЗБПП се предвидува и финансирање на давателите на примарна правна помош од страна на Министерството за правда. МП објавува јавен конкурс во првото тримесечје од тековната

2 Правилник за минималните просторни и технички услови што треба да ги исполнуваат здруженијата заради запишување во Регистарот на здруженијата овластени за давање примарна правна помош, „Службен весник на РСМ“ бр. 199 од 30.9.2019 година.

година за финансирање на давателите на ППП во период од најмногу една година.

## Надоместок на овластените даватели на примарна правна помош

Надоместок за извршена работа од страна на овластени даватели на ППП се предвидува за оние даватели кои не се корисници на финансиска поддршка одобрена по јавен повик.

На здруженијата и на правните клиники им се одобрува надоместок за дадена ППП за секој одобрен предмет за секундарна правна помош.

На здруженијата и на правните клиники им се одобрува надоместок за ППП за следниве лица:

- корисници на парична помош од социјална заштита;
- приматели на инвалидска пензија, и
- жртви на РБН и на семејно насилство.

Во претходниот Закон, овластените здруженија добиваа надоместок за трошоци за обем на извршена работа само за предметите за кои беа одобрени барања за секундарна правна помош.

## Транспарентност и отчетност во давањето бесплатна правна помош

Министерството за правда во соработка со АКРСМ, Нотарската комора, Комората на извршители, Комората на медијатори, здруженијата овластени за давање примарна правна помош и

правните клиники на секои шест месеци треба да организираат одржување денови на бесплатен правен совет за сите граѓани и за истите треба да подготват шестмесечен план за местото и времето на одржување на деновите на бесплатен правен совет, кој треба да го објават јавно на својата веб- страница.

Во делот на тесните грла и научените лекции од имплементација на претходното законско решение за бесплатна правна помош и собирањето податоци и самото Министерство за правда го посочува фактот дека непостоењето на родово разделена статистика го отежнува анализирањето на податоците за дадена бесплатна правна помош, со оглед на тоа дека не постои систем за собирање на овие податоци, туку треба да се прегледа секој предмет поединечно, што пак не е сосема прецизно, бидејќи од имињата треба да се утврди дали станува збор за мажи или за жени.[3]

Од аспект на зголемената отчетност и транспарентност на одредбите на ЗБПП се пропишува и структурата на годишните извештаи за бесплатна правна помош што ги изготвува МП. Во годишните извештаи МП треба да ги објави податоците за бесплатната правна помош десегрегирани по пол и по етничка припадност, имајќи ги предвид искуствата со стариот закон и неможноста реално да се процени состојбата од родов аспект.

3 Извештај за родово одговорно буџетирање, Министерство за правда, Достапно на: https://www.pravda.gov.mk/Upload/Documents/%D0%98%D0%97%D0%92%D0%95%D0%A8%D0%A2%D0%90%D0%88%20%D0%97%D0%90%20%D0%A0%D0%9E%D0%94%D0%9E%D0%92%D0%9E%20%D0%9E%D0%94%D0%93%D0%9E%D0%92%D0%9E%D0%A0%D0%9D%D0%9E%20%D0%91%D0%A3%D0%8F%D0%95%D0%A2%D0%98%D0%A0%D0%90%D0%8A%D0%95_2.pdf

## Надзор и увид во давањето бесплатна правна помош

Претходното законско решение не предвидуваше одредби за надзор над спроведување на самиот закон, ниту пак можност за увид од страна на корисникот во остварувањето на правото на секундарна правна помош. Сега во самиот ЗБПП се предвидува дека Министерството за правда врши надзор над дадена ППП, а увид во давање на СПП може да има МП (по службена должност) или корисникот на секундарната правна помош (по негово барање).

# 3

# ПРИМЕНА НА ЗАКОНОТ ЗА БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ

ВО ПЕРИОД ОКТОМВРИ 2019 - ДЕКЕМВРИ 2020

## Податоци за давателите на бесплатна правна помош

Со новиот ЗБПП се децентрализираше процесот на одлучување по поднесените барања за секундарна правна помош, преку издавање овластувања на вработените во подрачните одделенија на Министерството за правда за да одлучуваат за допуштеноста на поднесените барања со донесување реални акти. Министерството за правда, како второстепен орган, одлучува по поднесените приговори за одбивање на секундарната правна помош со управен акт.

Во 2019 година министерот за правда има издадено овластувања за 19 вработени. Во 2020 година тој број е 20 за вработените во подрачните одделенија кои можат да решаваат по поднесените барања за секундарна правна помош и имаат овластување за потпишување реални акти[4]. (извештај МП 2019 и 2020).

По барањата за секундарна правна помош одлучуваат вкупно 21 подрачно одделение, и тоа: Берово, Битола, Македонски Брод, Виница, Валандово, Гостивар, Дебар, Делчево, Кичево, Крива Паланка, Крушево, Куманово, Неготино, Охрид, Ресен, Свети Николе, Струга, Тетово, Штип, Карпош и Кисела Вода[5].

4 Извор: Годишен извештај на МП за бесплатната правна помош за 2019 година, Годишен извештај на МП за бесплатната правна помош за 2020 година. Достапни на https://www.pravda.gov.mk/resursi/10

5 Податоци добиени врз основа на одговор од МП на барање за пристап до јавни информации.

**Табела 1:** Даватели на бесплатна правна помош[6]

| Даватели на БПП | 2018 | 2019 | 2020 |
|---|---|---|---|
| Здруженија | 7 | 10 | 11 |
| Правни клиники | 0 | 3 | 6 |
| Адвокати | 353 | 396 | 395 |

Од податоците прикажани во табелата се забележува дека не постои реален пораст на адвокати во регистарот во 2019 и 2020 година, иако МП во годишните извештаи за БПП во 2019 дава податок дека се запишани нови 40 адвокати и дека вкупниот број адвокати за 2019 година изнесува 396. Во извештајот од 2020 година е нотирано дека во Регистарот на адвокати за давање бесплатна правна помош се запишале нови 83 адвокати и дека вкупниот број адвокати во 2020 година изнесува 395. Ваквите податоци упатуваат на фактот дека иако има нови адвокати кои се запишуваат во Регистарот, бројот на адвокати сепак не е зголемен во тој обем.

Од податоците може да се забележи дека по усвојување на новиот ЗБПП има зголемување на бројот на овластените здруженија и бројот на регистрираните правни клиники.

Покрај другите услови пропишани со ЗБПП, овластените здруженија треба да имаат вработено или ангажирано правник со положен правосуден испит. Од седумте овластени здруженија кои учествуваа во истражувањето се добија податоци дека во здруженијата се ангажирани 23 правници со положен правосуден испит, а бројот на правници одговорни за давање примарна правна помош е 10.

6 Годишни извештаи на МП и веб-сајт на МП за Регистарот на здруженијата.

**График 1:**
Број на правници во овластените здруженија




Некои од овластените здруженија имаат мобилни тимови во околните општини или рурални средини или пак персоналот задолжен за давање примарната правна помош излегува на терен помеѓу граѓаните. Податоците добиени од седумте овластени здруженија покажуваат дека здружението *Избор* има мобилен тим кој дава правна помош во Струмица и во околните општини (Василево, Босилево, Ново Село, Радовиш, Валандово и Дојран). МЗМП дава примарна правна помош во сите 8 статистички региони, МКЦ дава примарна правна помош во Битола, како и во Прилеп, Ресен, Демир Хисар, Кичево и во Струга. ЕХО има активности за давање примарна правна помош во Штип и во околните рурални средини, а тимот на Хелсиншкиот комитет излегува на терен по потреба.[7]

7 Извор: Податоци добиени од прашалниците на ГО овластени за давање ППП.

## Податоци за остварена бесплатна правна помош

Од податоци на МП за период јануари-декември 2020 година може да се забележи дека вкупно 2.727 лица добиле примарна правна помош, од кои најголем дел или 2039 се лица кои добиле примарна правна помош од овластените здруженија.

**Табела 2:** Примарна правна помош во 2020[8]

| Примарна правна помош 2020 | Број на лица кои добиле ППП | Пол | | Етничка припадност | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Мажи | Жени | Македонци | Албанци | Турци | Роми | Срби | Власи | Други |
| Подрачни одделенија | 663 | 357 | 306 | 299 | 209 | 18 | 53 | 2 | 0 | 0 |
| Овластени здруженија | 2.039 | 911 | 1.087 | | | | | | | |
| Правни клиники | 25 | 11 | 14 | | | | | | | |
| Вкупно | 2.727 | 1.279 | 1.407 | | | | | | | |

8 Годишен извештај за примената на Законот за бесплатна правна помош за 2020, Министерство за правда. стр.10, стр.21 Достапно на: https://www.pravda.gov.mk/Upload/Documents/%D0%93%D0%BE%D0%B4%D0%B8%D1%88%D0%B5%D0%BD%20%D0%B8%D0%B7%D0%B2%D0%B5%D1%88%D1%82%D0%B0%D1%98%20%D0%91%D0%9F%D0%9F%20%D0%B7%D0%B0%202020%20%D0%B3%D0%BE%D0%B4.pdf

Во годишниот извештај на Министерството за правда за бесплатната правна помош во 2020 година недостигаат податоци за етничката припадност на лицата кои добиле примарна правна помош од овластените здруженија. Овластените здруженија запишани во регистарот се обврзани да доставуваат месечни извештаи до МП, затоа што самиот образец[9] предвидува собирање на податоците за етничката припадност на лицата кои добиле примарна правна помош. Се поставува прашањето зошто недостигаат овие податоци во годишниот извештај на МП, имајќи го предвид нивното значење за следењето на имплементацијата на ЗБПП.

Во текот на спроведувањето на истражувањето беа испратени прашалници до седум овластени здруженија за бесплатна правна помош, кои доставија податоци и информации во врска со нивната работа и имплементацијата на Законот за бесплатна правна помош во периодот од октомври 2019 година до декември 2020 година. Вкупно 2.637 лица побарале и добиле примарна правна помош од седум овластени здруженија во тој период.

9 Правилник за содржината, формата и начинот на водење евиденција за податоците што се однесуваат на дадената примарна правна помош и содржината на извештаите што здруженијата и правните клиники ги доставуваат до Министерството за правда, „Службен весник на РСМ“ бр. 199 од 30.9.2019 година.

**График 2:**
Примарна правна помош дадена од здруженијата (по возраст)




4 од вкупно 7 здруженија доставија податоци по возрасните групи, од кои може да се забележи дека речиси кај сите здруженија најголемиот број баратели на бесплатна правна помош се лица на возраст од 31 до 45 години, по нив следуваат лица на возраст од 45 до 60 години.

**График 3:**
Примарна правна помош дадена од здруженијата (по пол)




Од доставените податоци за корисниците на примарната правна помош од 6 здруженија, може да се забележи дека од 2.308 лица кои добиле примарна правна помош од здруженијата, 1.212 се жени, а 1.096 се мажи. Пристапот до бесплатната правна помош за жените е многу важно прашање од аспект на унапредувањето на родовата еднаквост и родово одговорното распределување на средствата во областа на пристапот до правда и бесплатната правна помош.

**График 4:**
Примарна правна помош дадена од здруженијата (по етничка припадност)




Податоците од 6 овластени здруженија покажуваат дека најголемиот број корисници на примарна правна помош се Македонци и Роми.

Од вкупно 2.637 лица кои добиле примарна правна помош од 7 овластени здруженија, 80 лица добиле примарна правна помош за пополнување и комплетирање на барањето за секун-

**График 5:**
Примарна правна помош од овластените здруженија за комплетирање на барањата за секундарна правна помош



дарна правна помош од страна на овластено здружение, од кои 17 биле одбиени, а 63 барања за СПП се одобрени.

**График 6:**
Примарна правна помош од овластените здруженија за комплетирање на барањата за секундарна правна помош




ЗБПП дава можност за одобрување секундарна правна помош и без утврдување на финансиската состојба, доколку се исполнети одредени услови пропишани со Законот: барателот да е сместен во згрижувачко семејство или во установа за социјална заштита; има потреба од покренување и застапување во постапка за изрекување привремени мерки за заштита од семејно насилство пред надлежен суд; ако поради елементарна непогода, виша сила или други околности се најде во финансиска состојба што го спречува самостојно да обезбеди заштита на своите права.

Барателот на секундарна правна помош кој има потреба од заштита од семејно насилство треба да приложи потврда дека

е евидентирана жртва на семејно насилство. Од добиените податоци од овластените здруженија се забележува дека вкупно 9 лица поднеле барање за СПП за заштита од РБН и од семејно насилство, а на вкупно 14 лица им е одобрена СПП без утврдување на финансиската состојба на барателот/барателката[10].

**График 7:**
Број на лица кои побарале СПП без утврдување на финансиската состојба




При обезбедувањето примарна правна помош овластените здруженија добија поголеми овластувања за постапување и давање ППП и на истите им се даде можност да пополнуваат обрасци и формулари, како и да составуваат претставки до КЗД, Народниот правобранител и барања за заштита на слободите и правата до Уставниот суд.

Податоците добиени од овластените здруженија покажуваат дека вкупно 25 лица добиле ППП за пополнување претставки и барања, а дури 279 лица добиле ППП за пополнување обрасци и формулари.

10 Извор: Податоци добиени од прашалниците на ГО овластени за давање ППП.

**График 8:**
Примарна правна помош од овластените здруженија (претставки и барања)




**График 9:**
Примарна правна помош од овластените здруженија (формулари и обрасци)



Од графикот може да се забележи дека најголема потреба за пополнување обрасци и формулари имале лица во Куманово, кои добиле примарна правна помош од НРЦ. Притоа, треба да го имаме предвид фактот дека од вкупно 370 лица кои добиле примарна правна помош, 349 биле Роми, од кои дури 240 имале потреба за пополнување обрасци и формулари.

Претходното законско решение не даваше можност да се пополнуваат барања и формулари. За разлика од него, Законот што сега се применува под примарна правна помош подразбира и: пополнување формулари и обрасци за социјална заштита и заштита на правата на децата; пензиско, инвалидско и здравствено осигурување; заштита на жртвите на РБН и на семејно насилство; постапка за упис во матична книга на родените; стекнување со документи за лична идентификација и со државјанство. Важноста на оваа одредба е многу голема за најмаргинализираните групи граѓани, кои со ваквата поддршка и правна помош обезбедуваат пристап до низа фундаментални права, а за истите се спречени самите да бараат остварување и заштита, најчесто поради неписменост и неукост.

**График 10:**
Опсег на примарната правна помош




Од вкупно 2.637 лица кои добиле примарна правна помош од 7 овластени здруженија, најголем број или 2.368 лица добиле општа правна информација во период од месец октомври 2019 до месец декември 2020 година, а 1.213 лица добиле иницијален правен совет за користење на правото на БПП.

**График 11:**
Опсег на примарната правна помош




**График 12:**
Доставени потврди за СПП до здруженијата




Од вкупниот број лица, 80 добиле помош за барања за СПП. Иако ЗБПП не предвидува доставување потврда за одобрено барање за СПП до овластените здруженија кои ги комплетира-

ле барањата и кои имаат право на надоместок за дадена ППП за секој предмет одделно за кој е одобрено барање за СПП, сепак треба да се разгледа можноста по одобрено поднесено барање со помош од овластено здружение потврдата да се доставува и до овластените здруженија.

Од податоците на овластените здруженија може да се забележи дека корисниците на бесплатната правна помош од 7 овластени здруженија добиле ППП за различни правни прашања најмногу во делот на работните односи - 482 лица, социјалната заштита - 425 лица, имотно-правните односи - 275 лица, РБН и семејно насилство - 194 лица.

**График 13:**
Вид правни прашања за кои е дадена општа правна информација




Од аспект на поднесените барања за добивање СПП, добиените податоци покажуваат дека најголем број барања од овластените здруженија се поднесени за социјална заштита (18), статусни прашања (14), заштита на деца (14), имотно-правни (9).

**График 14:**
Вид правни прашања за кои е поднесено барање за СПП




**График 15:**
Барања за СПП (2017-2020)[11]




11 Извор: Годишни извештаи за бесплатна правна помош на Министерство за правда.

Од податоците на МП во периодот 2017-2020 може да се забележи дека откако почна да се применува новиот ЗБПП има зголемување на бројот на поднесените барања за секундарна правна помош - од 134 во 2017 година до 207 во 2020 година, што веројатно се должи на неколку фактори: промена во опсегот на секундарната правна помош; поповолните услови за оценување на имотната состојба на барателот, како и на фактот дека, сепак, концептот на БПП не е нов и дека граѓаните низ годините, преку најразлични канали на комуникација, би можеле да бидат сѐ повеќе информирани за постоењето на истиот.

> Согласно новиот Закон за бесплатна правна помош, на некој начин се отстранети речиси 90 % од ограничувањата и тесно определените критериуми со претходниот закон. Сега се воспоставени критериуми кои се реални и кои можат да се исполнат од страна на многу поширок круг луѓе na кои реално им е потребна бесплатна правна помош, а притоа не можат да ја обезбедат по редовен пат затоа што во одредени постапки трошоците за решавање на нивниот проблем надминуваат повеќе од 60 000 денари. Сметам дека критериумите се реални и во рамките на потребите на граѓаните.[12]

Оние подносители на барање за секундарна правна помош кои се одбиени можат да поднесат приговор до Министерство за правда, а потоа и да поведат управен спор против решението на Министерството за правда. Во текот на 2019 година се поднесени 8 тужби до Управниот суд против одлуки на Министерството за правда.[13] Од податоците од годишните извештаи на

12 Извор: Одговори на прашалник од адвокат регистриран за давање на БПП.

13 Извор: Одговори на барање за слободен пристап до информации од Управен суд.

Министерството за правда може да се види дека во 2019 година се одбиени 73 барања за секундарна правна помош.[14]

> Во управните постапки по одбиена или прекината правна помош времетраењето е долго и по завршувањето на управниот спор најчесто се губи смислата на водењето на постапката за која се бара бесплатната правна помош. Со оглед на тоа дека управните постапки се премногу долги и дека по завршувањето на истите најчесто се губи смислата на водењето на примарната постапка за која е побарана БПП, треба да се воведе преклузивен итен рок од 30 дена во кој управниот суд треба да одлучи по тужбите за одбивателните решенија за БПП.[15]

## Имплементација на ЗБПП од аспект на лицата кои користеле бесплатна правна помош

Во текот на истражувањето, 51 лице корисник на бесплатна правна помош беа вклучени преку пополнување прашалници со поддршка од 5 овластени здруженија[16].

14 Годишен извештај за бесплатната правна помош на Министерството за правда за 2019 година.

15 Извор: Одговори на прашалник од адвокат регистриран за давање на БПП.

16 Хелсиншки комитет, МЗМП, Избор и ЕХО

**График 16:**
Старосна структура на испитаниците кои се корисници на БПП




Од вкупно 51 анкетирано лице, 36 се Македонци, 6 Албанци, 5 Роми и 4 Турци. Од вкупниот број, 36 се жени, а 15 се мажи.

**График 17:**
Етничка припадност на испитаниците кои се корисници на БПП




Во рамките на истражувањето беше согледано на кој начин корисниците се информирале за правото на бесплатна правна помош. Најголем број од испитаниците се информирале од пријател/ка (15), од здружение на граѓани (11) и од институција (9).

Од добиените информации може да се согледа дека граѓаните кои за правото на бесплатна правна помош дознале од институциите, најчесто ја добиле информацијата од центрите за социјална работа.

**График 18:**
Начин на информирање за БПП

Како дознавте за правото на БПП




Од вкупно 51 испитаник, само 7 одговориле дека се запознаени дека МП организира отворени денови на правда и дека постојат денови на бесплатен правен совет.

**График 19:**
Информираност за деновите на бесплатен правен совет

Дали знаете дека постојат денови на бесплатен правен совет?



Испитаниците најчесто биле корисници на БПП за развод на брак, социјална заштита и работни односи.

**График 20:**
Правно прашање за кои испитаниците побарале БПП




Од вкупно 51 лице корисници на БПП, 29 лица биле корисници на ППП, а 22 лица биле корисници на СПП. Од сите нив, дури 45 од корисниците на БПП сметаат дека бесплатната правна помош што ја добиле им била од корист..

**График 21:**
Ефективност на добиената БПП

Колку беше корисна БПП што ја добивте?




**График 22:**
Ниво на соработка со адвокатот

Колку сте задоволни од назначениот адвокат?




Од вкупно 22 лица на кои им било одобрено барање за секундарна правна помош, само 1 лице истакнало дека е незадоволно и дека побарало и сменило адвокат во постапката по одобреното барање за секундарна правна помош и назначен адвокат за давање стручна помош и застапување.

**График 23:**
Динамика на комуникацијата со адвокатот




Дури 18 од 22 испитаници кои користеле секундарна правна помош разговарале со назначениот адвокат повеќе од 3 пати.

**График 24:**
Достапност на адвокат за подготовка на предметот




16 лица биле задоволни од достапноста на адвокатот за консултација и правно советување и подготовка на конкретниот предмет во кој ги застапува нивните интереси и права, а само 1 лице има изразено незадоволство. Од испитаниците, 46 лица

кои добиле бесплатна правна помош им пренеле информации на други лица за постоење на правото на БПП.

**График 25 :**
Оддалеченост од местото каде што е остварена БПП




Важен индикатор за ефикасен и ефективен пристап до правда се и трошоците за патување што би ги имале за да дојдеме до местото каде што можеме да поднесеме барање за секундарна правна помош или пак можеме да добиеме општа правна информација или правен совет. Најголем број од испитаниците не патувале, а само 10 од нив истакнале дека патувале повеќе од 10 км.

## Други наоди од истражувањето

Бесплатната правна помош се финансира од буџетот на Министерството за правда, од донации и од други приходи во согласност со Законот. Од расположливите податоци може да се забележи дека со започнување на имплементацијата на новиот ЗБПП и новините предвидени во делот за финансирањето на овластените здруженија има зголемени финансиска средства за надомест на трошоците на здруженијата, како даватели на примарна правна помош.

**Табела 3:** Буџет за бесплатна правна помош[17]

| | 2018 | 2019 | 2020 |
|---|---|---|---|
| Одобрен буџет за БПП | НП | 5.000.000,00 | 5.000.000,00 |
| Реализиран буџет за БПП | 1.378.904,00 | 1.176.072,00 | 1.601.176,00 |
| Адвокати | 1.365.704,00 | 1.159.572,00 | 1.557.676,00 |
| Здруженија | 13.200,00 | 16.500,00 | 43.500,00 |

ЗБПП предвидува и финансиска поддршка на овластените здруженија и правни клиники кои се даватели на примарна правна помош според условите одредени во Законот и по јавно објавен оглас во првото тримесечје од тековната година. Повикот за 2020 година беше објавен, но за жал неуспешен, односно не се донесе одлука по истиот бидејќи средствата беа прераспределени од страна на МП за други потреби.

Повикот за финансиска поддршка за 2021 беше објавен на 9 февруари 2021 година. Дел од овластените здруженија за примарна правна помош предводени од ФООМ упатија писмена реакција[18] до министерот за правда, бидејќи повикот не беше објавен во делот за БПП на сајтот на Министерството за правда, ниту пак беше споделен со овластените здруженија, и покрај постоењето потпишани меморандуми за соработка. ФООМ и здруженијата реагираа и на фактот дека средствата наменети за финансирање на овластените здруженија и правните клиники, во висина од само 1.000.000,00 денари, кои согласно јавниот конкурс би можеле да се поделат на само пет здруженија и

17 Извор: Годишни извештаи за бесплатната правна помош на Министерство за правда.

18 Извор: Писмо до министерот за правда, ФООМ и 6 други овластени здруженија, од архивата на ФООМ.

правни клиники, се сосема недоволни за да се исполнат целта и приоритетите на јавниот конкурс. Со предвидените средства не може да се оствари ниту целта од чл.11 од Законот за бесплатна правна помош, а тоа е рамномерна регионална достапност на бесплатната правна помош и одржливост на здруженијата и на правните клиники во системот.

Важна промена што се воведе со законското решение предвидува и ослободување од трошоци за вештачење во постапките во кои е одобрена секундарна правна помош. Сепак, во практиката се забележани мал број предмети во кои е обезбедено ослободување од трошоците за вештачење, и тоа само во 3 постапки заклучно со 2020 година. Овластените граѓански здруженија посочуваат на недоволно прецизната уреденост на начинот, постапката и роковите за обезбедување вешт наод и мислење, како и на фактот дека Бирото за судски вештачења не може да обезбеди вештачења во сите области во кои граѓаните имаат потреба (на пример, потреба од ДНК анализа што се спроведува во специјализирани лаборатории)[19].

Во насока на правно зајакнување на граѓаните, промоција на ЗБПП и зајакнување на пристапот до правда, функционира и веб-страницата www.pravnozajakni.mk[20] со поддршка од ФООМ и од Европската Унија, која содржи информации за пристапот

19 Документ за јавна политика, „ Вештачењето и бесплатна правна помош - Дали новиот Закон за бесплатна правна помош од 2019 година го олесни пристапот до бесплатно вештачење за лицата на кои им е одобрена секундарна правна помош?“, Македонско здружение на млади правници, Гоце Коцевски и Елена Георгиевска, Скопје, март 2021, стр. 12. Достапно на https://myla.org.mk/wp-content/uploads/2021/04/Vetacenje-i-bpp_03_CIP.pdf.

20 Веб-страницата е изработена и ја одржува Фондација Отворено општество-Македонија, а финансирана од Европската Унија

до правда и фундаменталните права на граѓаните. Целта е да им се помогне на граѓаните да се информираат за нивните права и да се зголеми отчетноста на државните институции и на државните органи.

Овластените здруженија имаат преземено низа активности за промоција на новиот ЗБПП. Повеќето од здруженијата имаат подготвено брошури, а некои од нив ги имаат преведено брошурите на македонски, албански и на ромски јазик. Овластените здруженија, исто така, активно работат на промоција на правото на бесплатна правна помош на социјалните мрежи, преку споделување видеа и други материјали. Дел од овластените здруженија имаат организирано настани со физичко присуство, на кои 3.301 лице биле информирани за системот и за функционирањето на правото на бесплатна правна помош[21].

Во текот на 2020 година е формирано Национално координативно тело (НКТ[22]) за следење на примената на Законот за бесплатна правна помош, чија внатрешна организација и работа е уредена со посебен деловник[23]. НКТ е форум за споделување информации, комуникација и координација помеѓу засегнатите страни на теми кои се од значење за примената на Законот за бесплатна правна помош, споделување експертиза за ЗБПП и одредени потешкотии за имплементација, како и за олеснување на пристапот до правда на национално ниво. Членови на

21 Извор Одговори на прашалници од овластени здруженија

22 Работата на ова тело е поддржана од Проектот „Поддршка на подобар пристап до поефикасни услуги за бесплатна правна помош во Северна Македонија“ кој е дел од заедничката програма на Европската унија / Советот на Европа „Horizontal Facility“ за Западен Балкан и Турција 2019-2022

23 Деловник за работа на Национално координативно тело за бесплатна правна помош, 21 јануари 2020 година

НКТ се: претставници на Министерството за правда, претставници на подрачните одделенија на Министерствотп за правда, адвокати запишани во Регистарот за БПП, претставници на овластените здруженија и правни клиники. Покана за вклучување во работата на НКТ имаат и претставниците на другите државни органи, институции[24] и организации, како засегнати страни за имплементација на ЗБПП.

Кога станува збор за сензитивните предмети од областа на заштитата на жртвите на родово базираното насилство и жртвите на семејното насилство се добија податоци кои ја истакнуваат потребата од поголема координираност на институциите.

> Пристапот до БПП би се олеснил доколку Министерството за внатрешни работи би се поврзало, односно би се координирало со Центарот за социјална работа и со Министерството за правда, на тој начин што, по службена должност, веднаш би се добила примарна правна помош за засегната странка и нивното службено барање би се одобрило веднаш од страна на Министерство за правда. Сметаме дека оние групи граѓани на кои им е најпотребна таквата бесплатна правна помош не можат брзо и ефикасно да ја добијат истата поради необразованост, неукост, неупатеност и негрижа од страна на надлежните институции.[25]

Пандемијата имаше сериозни ефекти и последици врз нашето секојдневно функционирање, но имајќи ја предвид универ-

24 Министерство за труд и социјална политика; ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа – Скопје; Народен правобранител; Управа за јавни приходи; Агенција за катастар на недвижности на РСМ; Основен граѓански суд Скопје; Нотарска комора на РСМ; Комора на извршители на РСМ; Министерство за внатрешни работи; Фонд за пензиско и инвалидско осигурување; Фонд за здравствено осигурување; Централен регистар на РСМ; Агенција за вработување на РСМ

25 Извор: Одговор на барање за пристап до информации од Основен суд

залноста и неделивоста на правата, концептот на пристап до правда значи пристапност до и достапност на правдата и во сменети околности. Обврска на институциите е и најзагрозените и најмаргинализираните да имаат можност да ги остварат своите права и во време на пандемија која трае подолг временски период.

Овластените здруженија и другите членови на Националното координативно тело имаат забелешки за одредбите во законското решение и за неговата примена, кои посочуваат дека олеснувањето на пристапот до судска постапка за заштита на правата од работен однос има определени ограничувања. И покрај ослободувањето од судски и од административни такси, трошоци за судска постапка, вештачење и трошоци за застапување од страна на адвокат, за некои докази што се значајни и неопходни за иницирање судската постапка не постои начин за ослободување од нивното плаќање. Жртвата на кривично дело телесна или тешка телесна повреда при вршење семејно насилство нема право на пристап до БПП за застапување во кривична постапка поради ограничувањето од член 38 од ЗБПП. Исто така, се посочува и ограничување на бесплатната правна помош во граѓанските постапки за надомест на нематеријална штета, бидејќи е предвиден пристап во случаи на тежок инвалидитет или смрт.[26]

26 Годишен извештај за ефикасноста на правната заштита на човековите права во Република Северна Македонија – 2020 година, Македонско здружение на млади правници, Скопје, стр. 59. Достапен на: https://myla.org.mk/wp-content/uploads/2020/12/%D0%9C%D0%97%D0%9C%D0%9F-%D0%B3%D0%BE%D0%B4%D0%B8%D1%88%D0%B5%D0%BD-%D0%B8%D0%B7%D0%B2%D0%B5%D1%88%D1%82%D0%B0%D1%98-2020-final-digital.pdf

За олеснување на пристапот на граѓаните до бесплатна правна помош сметаме дека е потребно често информирање и запознавање на граѓаните со ова нивно право, и тоа уште пред започнување на постапките, односно пред да станат странки во која било постапка.[27]

Како дел од кампањата за промоција на правото на бесплатна правна помош, Министерството за правда со поддршка од Советот на Европа ја промовираше веб-страницата www.pravnapomos.mk, преку која граѓаните ќе можат да се информираат за бесплатната правна помош. Веб-страницата содржи јасни и разбирливи упатства и информации за начинот на кој граѓаните можат да се стекнат со примарна и секундарна правна помош.

> Масовно информирање преку медиумите, печатење пропаганден материјал или одржување платформи во секоја општина, како и објавување на јавни места на кои адвокат од општината работи на бесплатна правна помош.[28]

За време на пандемијата, Европската комисија за ефикасност на правдата на Советот на Европа во јуни 2020 година донесе декларација, како можен патоказ за земјите членки да имаат насоки во период на криза што влијае врз јавниот интерес на којшто треба да одговори правдата, а кои се однесуваат на човековите права и владеењето на правото; безбедноста на лицата; следењето на перформансите, ИКТ-правдата и правдата

27 Извор: Одговор на барање за пристап до информации од Основен суд.

28 Извор: Одговор на барање за пристап до информации од Основен суд.

свртена кон иднината.[29] Од тој аспект, треба да се продолжи со работата на изнаоѓање соодветни ИКТ-решенија за информирање и пристап до бесплатна правна помош, кои се применливи во локален контекст.

Обезбедувањето пристап до информации и пристап до бесплатна правна помош може да се направи и со алтернативни средства во замена за физичко присуство преку веб-страниците на Министерството за правда, здруженијата и другите субјекти посветени на пристапот до правда за граѓаните, како и со други средства за комуникација (медиум, телефон, е-пошта). И таквото информирање и обезбедување на пристапот до информации од интерес за лицата кои се соочуваат со проблеми од правна природа треба редовно да се ажурираат и да се направат достапни на јазиците што ги користат корисниците на бесплатната правна помош.

> Мој впечаток е дека МП има стратегија да не го промовира и да го премолчува постоењето на овој закон, со цел да се ограничи бројот на барањата за БПП за секундарна, а Законот да се сведе само на примарната БПП од НВО.[30]

Комуникациската стратегија за бесплатна правна помош во РСМ има за цел да се зголеми јавната свест за важноста, достапноста и функционирањето на БПП кај примарната целна група и да се промени општествената перцепција за БПП како

29 Декларација за научени лекции и за предизвиците со кои се соочи правосудството во време и по пандемијата со КОВИД 19, Европска комисија за ефикасност на правдата на Советот на Европа, 10 јуни 2020 година. Достапно на: https://rm.coe.int/declaration-macedonien/1680a051da.

30 Извор: Одговори на прашалник од адвокат регистриран за давање БПП.

важен, достапен и функционален механизам за правна заштита на ранливите групи граѓани, кој претставува обврска на државата.[31] Стратегијата за комуникација е објавена на веб-страницата на Министерството за правда и треба да се следи нејзината примена и соодветност на околностите за спроведување на ЗБПП.

Унапредувањето на пристапот до правда е во директна врска со целта 16 од Развојните цели „Мир, правда и силни институции", една од целите на Акцискиот план за отворено владино партнерство 2018-2020[32], за која водечка институција за спроведување е Министерството за правда. Во Националниот акциски план се предвидува и спроведување на национално истражување за правните потреби на граѓаните сè со цел да се подготви Национална стратегија за правно зајакнување за најсоодветно, ефикасно и ефективно да се одговори на потребите на граѓаните. Поради пандемијата со КОВИД-19 истражувањето и стратегијата до денес не се спроведени, но треба што поскоро да се работи на нивно спроведување, имајќи го предвид фактот дека истражувањето на правните потреби на граѓаните е практика за подобрување на пристапот до правда, што е од особена важност за пристапот до правда на маргинализираните групи граѓани и ги приоритизира потребите на најранливите групи во општеството.

31 Комуникациска стратегија за бесплатна правна помош, 15.5.2020 година, објавена на сајтот на Министерство за правда. Достапно на: https://www.pravda.gov.mk/Upload/Documents/MKD_Revised%20Communication%20strategy%20final(1).pdf

32 Национален акциски план за отворено владино партнерство 2018-2020 година, Министерство за информатичко општество и администрација, Скопје, јули 2018 година. Достапно на: https://www.mioa.gov.mk/sites/default/files/pbl_files/documents/ogp/nap_4_ogp_usvoen_na_vlada.docx

Како и секој друг закон, и ЗБПП треба да се следи и повремено да се евалуира за да се утврдат добрите страни со чија примена треба да се продолжи и, евентуално, да се идентификуваат и да се надминат предизвиците со измена или со промена на практиката.[33]

33 Извор: Одговори на прашалник од адвокат регистриран за давање БПП.

# 4

# СТУДИЈА НА СЛУЧАЈ

Примената на Законот за бесплатна правна помош во практиката е согледана и од аспект на реалните конкретни постапки и постапувања по поднесените барања за секундарна правна помош. Во рамките на истражувањето се добиени информации од здруженијата овластени за давање примарна правна помош и нивното искуство во врска со имплементација на законското решение. Емпириското испитување на два конкретни предмета го истражува феноменот на пристап до БПП во рамките на неговиот контекст во реалниот живот, врз основа на реални факти и конкретни случаи евидентирани од страна на овластените здруженија.

## Студија на случај: Х.Х и обезбедувањето секундарна правна помош во постапка за оспорување/утврдување татковство

### Факти на случајот

Во 2017 година овластено здружение за бесплатна правна помош има поднесено барање за секундарна правна помош за дете со попреченост на возраст од 13 години, преку негов законски застапник, за оспорување и утврдување татковство. Како татко на детето во изводот од матичната книга на родените бил запишан таткото кој бил во брачна заедница со мајката, а не биолошкиот татко на малолетното дете.

Барањето за секундарна правна помош било одобрено со решение и бил назначен адвокат кој ќе ја поведе постапката пред надлежниот суд и ќе ги штити правата и интересите на лицето

кое добило секундарна правна помош. Назначениот адвокат за правна помош и застапување во судската постапка истакнал предлог за ослободување од судска такса и предлог за ослободување од трошоците за вештачење.

Судот со решение делумно ги уважил предлозите, прифаќајќи и ослободувајќи ја странката од судски такси во предметот, а одбивајќи го предлогот за ослободување од трошоците за вештачење. Против ова решение беше поднесена жалба до Апелациониот суд, а истото е потврдено и од страна на Апелациониот суд.

Во мај 2020 година, согласно новиот Закон за бесплатна правна помош од 2019 година, овластеното здружение поднело барање за секундарна правна помош за ослободување од трошоците за вештачење и изработка на ДНК-анализа. Барањето е одобрено од страна на подрачното одделение на Министерството за правда.

## Давање бесплатна правна помош во конкретниот предмет

Физичкото лице имало потреба од правна помош во судска постапка за оспорување и утврдување татковство, за што поднело барање за секундарна правна помош во 2017 година. Барањето му било одобрено од страна на Министерството за правда и му бил назначен адвокат кој ќе го застапува во судската постапка, согласно Законот за бесплатна правна помош од 2009 година. Согласно одредбите на ЗБПП од 2009 година, правната помош во судските и управните постапки опфаќаше застапување од страна на адвокат, но не и трошоци кои се потребни во постапката за обезбедување докази и вештачење. Следствено на вак-

вото законско решение, подносителот не успеал во целост да ги заштити своите права во оваа судска постапка, иако бил корисник на секундарна правна помош.

Изготвувањето на ДНК-анализата во Институтот за судска медицина[34] чини 32.500,00 денари, што претставува многу голем трошок за повеќето семејства во државата. Од друга страна, пак, важноста на спроведувањето и доставувањето до надлежниот суд на анализата на ДНК, што е всушност анализа на молекулата на деоксирибонуклеинската киселина (ДНК), како клучна признаена метода за утврдување на татковството.

Правото на тужба за утврдување татковство од страна на детето не застарува, во согласност со принципот на еднаквост на правото. Со новото законско решение и со ЗБПП донесен во 2019 година барателот, со помош од овластено здружение, повторно поднесува барање за СПП, имајќи ги предвид одредбите од член 13 на новиот ЗБПП за покривање на трошоците за стручна правна помош од адвокат, ослободување од судските трошоци, ослободување од административните такси и ослободување од трошоците за вештачење, во овој случај за анализа на ДНК.

### Заклучок

Барателот на секундарна правна помош имал правна потреба од оспорување и утврдување на татковство и поднесување тужба до надлежен суд за решавање на правното прашање. Во постапката по тужбата за оспорување и утврдување на татков-

34 Правно мислење за влијанието на измените и дополнувањето на Законот за матична евиденција врз уписот на раѓање или лично име на лицата во ризик од бездржавјанство, МЗМП.

ството, како средство за правна заштита, тужбеното барање треба да содржи факти на кои се заснова барањето, како и докази со кои може да се утврдат фактите од тужбеното барање. Одредбите на ЗБПП кои предвидуваат покривање на трошоците за вештачење за конкретниот предмет за кој е одобрено барањето за секундарна правна помош во овој случај укажуваат на поволните законски решенија предвидени во опсегот на секундарната правна помош.

Ваквиот исход на постапката несомнено е голема придобивка на законското решение кое опфаќа и ослободување од трошоци за потребното вештачење во конкретен предмет за кој е одобрено барање за секундарна правна помош. Законското решение што се применува со ЗБПП предвидува вештачењето да се обезбедува преку Бирото за судски вештачења, а трошоците да се обезбедат од средствата од буџетот на Министерството за правда. Овластените здруженија за давање примарна правна помош укажуваат на фактот дека Бирото за судски вештачења не располага со вешти лица од сите области за кои корисниците имаат потреби од вештачења (на пример, вештачење од областа на молекуларната биологија, ДНК, кое е неопходно во постапки за оспорување и утврдување на татковството).[35] Оттука, се наметнува потребата за доуредување на пристапот до вештачење и изнаоѓање ефективни решенија.

35 Документ за јавна политика, „ Вештачењето и бесплатна правна помош - Дали новиот Закон за бесплатна правна помош од 2019 година го олесни пристапот до бесплатно вештачење за лицата на кои им е одобрена секундарна правна помош?“, Македонско здружение на млади правници, Гоце Коцевски и Елена Георгиевска, Скопје, март 2021, стр. 6. Достапно на https://myla.org.mk/wp-content/uploads/2021/04/Vetacenje-i-bpp_03_CIP.pdf

## Студија на случај: Х.Х и обезбедувањето секундарна правна помош за жртвите на семејното насилство

### Факти на случајот

Барателот е возрасно лице, корисник на мала семејна пензија без други приходи, кое има во сопственост семејна куќа и дворно место не поголемо од 500 $м^2$, жртва на семејно насилство вршено од член на семејството, кое го сочинуваат тој и сторителот на насилството, кој во 2018 е кривично осудуван за кривично дело сторено при вршење семејно насилство спрема барателот.

Сторителот на насилството злоупотребува наркотични супстанции и кога е под дејство на наркотици му се заканува на барателот, го навредува, физички го напаѓа, го крши мебелот и покуќнината во домот, поради што барателот се чувствува загрозен и несигурен во сопствениот дом. Насилството е пријавено во полициска станица и во надлежен ЈУМЦСР.

Со помош од овластено здружение во март 2020 година е поднесено барање за СПП до надлежното подрачно одделение на МП за поведување постапка за изрекување привремени мерки за заштита на жртвата на семејно насилство, во постапка без утврдување на финансиската состојба, согласно чл. 20 од ЗБПП.

### Давање бесплатна правна помош во конкретниот предмет

Барањето за секундарна правна помош за покренување судска постапка за изрекување привремени мерки за заштита од семејно насилство е одбиено од страна на Подрачното одделение, согласно член 22 ст. 1 алинеја 5 од ЗБПП.

Во известувањето за одбивање на секундарната правна помош се дадени следниве причини за неодобрување на барањето: „Согласно член 22 став 1 алинеја 5 од Законот за бесплатна правна помош, органот надлежен за решавање на конкретното правно прашање му помогнал на барателот и му ги посочил можностите за решавање на истото, му ги подготвил потребните документи за заштита или му обезбедил помош на друг начин, што укажува на тоа дека секундарната правна помош понатаму не е потребна. Барателот на секундарна правна помош е упатен до Центарот за социјални работи, како орган надлежен за преземање мерки за заштита, да поднесе барање за преземање мерки за заштита на жртвата на семејно насилство, при што Центарот за социјална работа го прифати барањето за преземање привремени мерки за заштита од семејно насилство, што укажува на тоа дека секундарната правна помош понатаму не е потребна“.

Надлежниот центар за социјална работа во име на барателот поднел предлог за изрекување привремени мерки за заштита од семејно насилство, а основниот суд има изречено две мерки во согласност со Законот за превенција, заштита и спречување на семејното насилство, и тоа: забрана во иднина да врши семејно насилство врз барателот и забрана да го вознемирува.

## Заклучок

Со ваквото постапување (одбивање на барањето за секундарна правна помош) се доведува во прашање пристапот на барателот до ефективна и ефикасна правда во судската постапка, можноста да предлага докази и да биде соодветно застапуван од адвокат во постапката, со што во целост ќе можат да се пред-

лагаат мерките кои истиот ги имал наведено во барањето за СПП. Со одбивањето, барателот нема свој адвокат, а застапувањето од ЦСР резултирало со изрекување несоодветни и неефикасни привремени мерки за заштита, на што барателот, како неука странка, не можел ниту пак знаел како да реагира.

Во конкретниот случај, барателот е одбиен од правото за остварување секундарна правна помош, со образложение дека е упатен до ЦСР, како орган надлежен за преземање мерки за заштита на жртвите на семејно насилство. Меѓутоа, член 22 став 2 алинеја 5 од ЗБПП гласи: барањето за секундарна правна помош ќе се одбие доколку органот надлежен за решавање на конкретното правно прашање му помогнал на барателот и му ги посочил можностите за решавање на истото, доколку му ги подготвил потребните документи за заштита или му обезбедил помош на друг начин, што укажува на тоа дека секундарна правна помош понатаму не е потребна. Во конкретниот случај, во одбивателното решение барателот е упатен да поднесе барање до ЦСР за преземање мерки за заштита на жртвата на семејно насилство, нешто што е спротивно на погоре цитираните одредби врз основа на кои е одбиено барањето, одредби кои подразбираат дека до моментот на поднесување и одбивање на барањето за секундарна правна помош, конкретниот орган веќе требало да преземе некакви мерки за заштита, што не е така во конкретниот случај.

Од аспект на итноста во давањето правна заштита на жртвите на семејното насилство е и одредбата предвидена во членот 20 став 1 алинеја 2 од ЗБПП, според која секундарна правна помош ќе се одобри без утврдување на финансиската состојба на барателот и членовите на неговото семејство доколку барате-

лот има потреба од покренување и застапување во постапка за изрекување привремени мерки за заштита од семејно насилство пред надлежен суд.

Се поставува прашањето зошто не е одобрена секундарна правна помош кога барателот истакнал факти дека не е во состојба да обезбеди заштита на своите права, ниту пак постои фактичка ситуација кога орган надлежен за решавање на конкретното правно прашање му има помогнато на барателот. Тоа значи дека во моментот на поднесување на барањето барателот немал правна заштита или помош обезбедена на друг начин. Особено треба да се има предвид фактот дека барателот е жртва на семејно насилство и дека живее во семејна заедница со лице кое е веќе осудено за кривично дело вршење семејно насилство, а насилството од страна на член на семејството, инаку корисник на опојни дроги, психотропни супстанци и прекурсори, било претходно пријавено и во полициска станица и во ЦСР.

Барањето за секундарна правна помош е поднесено во текот на 2020 година. Сега (2021 година) кога веќе имаме нов Закон за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство[36], треба да се имаат предвид и обврските што произлегуваат од самиот Закон и од Истанбулската конвенција[37], со кои се прифаќа обврската дека институциите ќе преземаат мерки со должно внимание за превенција и ефективна заштита на жртвите на семејното насилство.

36 Закон за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство, „Службен весник на РСМ“ бр. 24 од 29.1.2021 година.

37 Конвенција на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и семејното насилство, Совет на Европа, 2011 година.

Исто така, за предметите поврзани со насилството врз жените и семејното насилство треба да се имаат предвид и одредбите од Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство, каде што во член 20 за надлежни институции и интегрирани политики се уредени обврските на Министерството за правда и пристапот до бесплатна правна помош со обезбедување бесплатна правна помош; подготовката на програмата за почетна и континуирана едукација на овластените службени лица на МП, овластените здруженија, правните клиники и адвокатите за заштита на жените кои се жртви на РБН и жртви на семејно насилство; како и спроведувањето обука преку обучувачи евидентирани во регистарот на МТСП и вршењето други работи од нивна надлежност, со цел да се превенира насилството и да се заштитат жените кои се жртви на родово базирано насилство и жртви на семејно насилство.

Барањето за секундарна правна помош било поднесено во март 2020 година и имајќи ги предвид околностите предизвикани од пандемијата со КОВИД 19 и забраната за движење како задолжителна мерка, како и многу други околности кои произлегоа од пандемијата, сепак се поставува прашањето зошто не е одобрена секундарна правна помош согласно членот 20 став 1 алинеја 2 од ЗБПП. Барателот на бесплатна правна помош имал потреба од изрекување на повеќе привремени мерки за заштита, како што била првичната интенција при поднесување на барањето за секундарна правна помош, да се постапи и, меѓу другото, да биде изречена мерка задолжително лекување од зависност од наркотични супстанци во психијатриска болница.

Заради непреземените мерки насочени кон превенција и заштита на личниот интегритет, со должно внимание за интере-

сите и правата на жртвата до моментот на поднесување на барањето за секундарна правна помош, а заради запирање на насилствата и преземање ефикасни мерки кон сторителот на насилството за елиминирање на причините за понатамошно вршење на семејно насилство, особено имајќи предвид дека сторителот употребува дрога и други психотропни супстанци, како незаштитена жртва на семејно насилство во време на пандемија барателот очекувал одговорно и должно постапување од страна на МП.

# 5 ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

Пристапот до ефективна и ефикасна правда и бесплатна правна помош е детерминиран од законската рамка и од практиките на (не)спроведување на истите од страна на давателите и другите учесници во системот на бесплатната правна помош. Пристапот до бесплатна правна помош треба да се обезбеди за сите заинтересирани лица и лицата кои ги исполнуваат условите за застапување, но во време на епидемија и здравствена криза, особено внимание треба да се посвети на маргинализираните групи граѓани кои се повеќе изложени на ризик и кои диспропорционално повеќе се засегнати од ситуацијата и од пандемијата. Во тој контекст, би требало да се земат предвид потребите на најранливите категории граѓани и на маргинализираните групи граѓани (жртви на родово базирано и семејно насилство, жени, деца, Роми, лица со попреченост, стари лица и други). Од истражувањето се изведени следниве заклучоци:

- Новиот систем за бесплатна правна помош, уреден со ЗБПП, во голем дел функционира, иако се соочуваме со отежителни околности поради пандемијата.
- Опсегот на примарната и на секундарната правна помош генерално е во доменот на потребите на лицата кои побарале бесплатна правна помош, освен во делот на јавните и комуналните услуги и имотно-правните односи во управните постапки, извршната постапка во ран стадиум и надоместот за нематеријална штета кога не постои тежок инвалидитет.

- Не е предвидено известување на овластените здруженија кои работеле на поднесување на барањата за секундарна правна помош по одобрување на барањето, иако е полезно тие да бидат известени заради нивна евиденција и следење на ЗБПП.
- Овластени службени лица во подрачните канцеларии на МП ја утврдуваат оправданоста на правното прашање за одобрување секундарна правна помош, а во исто време даваат и општи правни совети од различни правни области,
- Иако се предвидува барателите на одобрени барања за секундарна правна помош да бидат ослободени од трошоци за вештачење, сепак Бирото за судски вештачења не може да направи вештачења во некои области за кои постои реална потреба (оспорување и утврдување на татковство).
- За да поднесе барање за секундарна правна помош жртвата на родово базирано или семејно насилство треба да биде евидентирана жртва, а во практиката постојат примери кога не се одобрува барање за секундарна правна помош, туку жртвата се упатува во Центар за социјални работи.
- Непочитувањето на законската регулатива за обезбедување секундарна правна помош за жртвите на семејното насилство и недоволната координација околу дефинираните надлежности, одговорности и практики за давање бесплатна правна помош на жртвите на родово базираното насилство и семејното насилство помеѓу Министерството за правда и Министерството за труд и социјална политика.

- Министерството за правда треба да работи на подготовка и организирање на почетната и континуирана едукација на овластените службени лица на МП, овластените здруженија, правните клиники, адвокатите, судиите, судските соработници и јавните обвинители за заштита на жените кои се жртви на РБН и жртви на семејно насилство,
- Средствата издвоени за финансирање на овластените здруженија и правни клиники не се целисходни со интенцијата на Законот од аспект на регионалната дистрибуција на бесплатната правна помош.

Во контекст на добиените наоди од истражувањето и споделените практики за имплементација, треба да се земат предвид следниве препораки:

- Потребно е да се спроведе национално истражување на правните потреби на граѓаните со цел да се подготви Национална стратегија за правно зајакнување која најсоодветно, ефикасно и ефективно ќе одговори на потребите на граѓаните,
- Потребно е да се намалат рестрикциите предвидени во законските одредби за бесплатна правна помош за управните постапки од имотно-правен карактер, ран стадиум на извршна постапка и надомест на нематеријална штета.
- Известување на овластените здруженија по поднесеното барање за секундарна правна помош од нивна страна заради подобро следење на ЗБПП.
- Оптимално искористување на расположливите ресурси во подрачните одделенија на МП сè со цел сите заинтересирани лица да добијат навремени правни совети и одлука по поднесено барање за секундарна правна помош.

- Подетално да се уреди вештачењето, со носење соодветни измени во сегашното законско решение, со цел да се обезбеди пристап до правда за најсиромашните и за најмаргинализираните групи граѓани, а во меѓувреме Министерството за правда да склучи договор за соработка со МАНУ.
- Зајакнување на координацијата меѓу Министерството за правда и центрите за социјална работа за давање бесплатна правна помош на жртвите на родово базирано и семејно насилство, сè со цел жртвите да добијат итна и квалитетна правна заштита.
- Докажувањето на статусот на жртва во постапката за секундарна правна помош не е целисходно кога жртвата на семејно насилство бара стручна правна помош со поднесување барање за секундарна правна помош.
- Министерството за правда да планира и да спроведе почетни и континуирани обуки за овластените службени лица на МП, овластените здруженија, правните клиники, адвокатите, судиите, судските соработници и јавните обвинители за заштита на жените кои се жртви на РБН и жртви на семејно насилство,
- Зголемување на буџетот на Министерството за правда наменет за финансирање на овластените здруженија и правните клиники.
- Организирање годишни конференции на кои ќе учествуваат сите субјекти вклучени во обезбедувањето бесплатна правна помош сè со цел да се врши редовен мониторинг на имплементацијата на одредбите од Законот и давањето конкретни препораки за подобрување на пристапот до бесплатна правна помош.

## Користена литература

Годишен извештај за ефикасноста на правната заштита на човековите права во Република Северна Македонија – 2020 година, Македонско здружение на млади правници, Скопје.

Декларација за научените лекции и предизвиците со кои се соочи правосудството во време и по пандемијата со КОВИД 19, Европската комисија за ефикасноста на правдата на Советот на Европа, 10 јуни 2020 година.

Деловник за работа на Националното координативно тело за бесплатна правна помош, 21 јануари 2020 година.

Документ за јавна политика, „Вештачењето и бесплатната правна помош - Дали новиот Закон за бесплатна правна помош од 2019 година го олесни пристапот до бесплатно вештачење за лицата на кои им е одобрена секундарна правна помош?“, Македонско здружение на млади правници, март 2021 година.

Закон за бесплатна правна помош, „Службен весник на РСМ“ бр. 101 од 22.5.2019 година.

Закон за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство, „Службен весник на РСМ“ бр. 24 од 29.1.2021 година

Извештај за примената на Законот за бесплатна правна помош во 2016-2017 година, Фондација Отворено општество - Македонија, 2017 година.

Извештај за родово одговорно буџетирање, Министерство за правда.

Комуникациска стратегија за бесплатна правна помош, 15.5.2020 година.

Конвенција на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и семејното насилство, Совет на Европа, 2011 година.

Национален акциски план за отворено владино партнерство 2018-2020 година, Министерство за информатичко општество и администрација, Скопје, јули 2018 година.

Правилник за минималните просторни и технички услови што треба да ги исполнуваат здруженијата заради запишување во Регистарот на здруженијата овластени за давање примарна правна помош, „Службен весник на РСМ“ бр. 199 од 30.9.2019 година

Правилник за содржината, формата и за начинот на водење на евиденцијата за податоците што се однесуваат на дадената примарна правна помош и содржината на извештаите што ги доставуваат здруженијата и правните клиники до Министерството за правда, „Службен весник на РСМ“ бр.199 од 30.9.2019 година.

Правно мислење за влијанието на измените и дополнувањата на Законот за матична евиденција врз уписот на раѓање или лично име на лицата во ризик од бездржавјанство, МЗМП.